# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 285** **30 ноември 2020, понеделник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3870. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем........... | **2** |
| 3871. | **Закон** за изменување на Законот за жичари и ски-лифтови....................... | **3** |
| 3872. | **Одлука** за распишување оглас за избор на Народен правобранител..... | **5** |
| 3873. | **Одлука** од Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија............................................. | **6** |
| 3874. | **Одлука** од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија........................................ | **6** |
| 3875. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт... | **6** |
| 3876. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог........ | **9** |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-68** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3870.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 26 ноември 2020 година.

Бр. 08-4215/1
26 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Законот за интероперабилност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ број 17/11, 163/13, 147/15 и 31/16), членот 38 се менува и гласи:

„(1) При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите од членот 37 став (1) од овој закон изрекуваат инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно со Законот за инспекцски надзор.

(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот утврди недостатоци, а во случај кога ќе оцени дека тоа е оправдано, може со решение да изрече опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

(3) Кога утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, инспекторот со решение изрекува инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

(4) Против решението на инспекторите од членот 37 став (1) од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен.

(5) Жалбата од ставот (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението, ако тоа го бара итноста на мерките одредени во решението.

(6) За изречените опомени од ставот (2) на овој член, инспекторите од членот 37 од овој закон, воспоставуваат и водат евиденција.

(7) Формата и содржината на евиденцијата од ставот (6) на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.“.

Член 2

Членовите 39 и 40 се бришат.

Член 3

Во членот 41 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 50 евра до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 50 евра до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 250 евра до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци, од 250 евра до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во висина 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.“.

Член 4

Членот 42 се менува и гласи:

„(1) Прекршочната постапка за прекршоците од членот 41 од овој закон се водат пред надлежен суд.

(2) За прекршоците предвидени со овој закон, инспекторите од членот 37 став (1) од овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(4) Одмерувањето на висината на глобата која е пропишана согласно со овој закон се врши согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 5

Членот 42-а се брише.

Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за интероперабилност во железничкиот систем.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË NDËRVEPRIMIT NË SISTEMIN HEKURUDHOR

Neni 1

Në Ligjin e Ndërveprimit në Sistemin Hekurudhor “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 17/11, 163/13, 147/15 dhe 31/16), neni 38 ndryshohet dhe bëhet:

“(1) Gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, inspektorët nga neni 37 paragrafi (1) i këtij ligji shqiptojnë masa inspektuese për mënjanimin e parregullsive dhe mangësive në pajtim me Ligjin e Mbikëqyrjes Inspektuese.

(2) Nëse gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese inspektori konstaton mangësi, e në rastet kur do të vlerësojë se kjo është e arsyetuar, mundet me aktvendim të shqiptojë vërejtje dhe të caktojë afat brenda të cilit subjekti i mbikëqyrjes inspektuese është i obliguar t'i mënjanojë parregullsitë dhe mangësitë, të konstatuara me procesverbal.

(3) Kur parregullsitë dhe mangësitë e konstatuara mund të paraqesin ose paraqesin rrezik të drejtpërdrejtë për jetën dhe shëndetin e njerëzve ose dëm financiar ose dëm për

pronën me vlerë më të madhe ose rrezik për mjedisin jetësor ose rrezik të interesit publik, inspektori me aktvendim shqipton masë inspektuese, si huamarrje, urdhëresë, ndalesë dhe masë tjetër, nëse një masë e tillë është përcaktuar me ligj të veçantë, me të cilën, në mënyrën më të përshtatshme do të arrihet qëllimi i mbikëqyrjes inspektuese.

(4) Kundër aktvendimit të inspektorëve nga neni 37 paragrafi (1) i këtij ligji, mund të paraqitet ankesë në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit te organi kompetent për vendimmarrje në shkallë të dytë.

(5) Ankesa nga paragrafi (2) i këtij neni nuk e shtyn realizimin e aktvendimit, nëse atë e kërkon urgjenca e masave të caktuara në aktvendimin.

(6) Për vërejtjet e shqiptuara nga paragrafi (2) i këtij neni, inspektorët nga neni 37 i këtij ligji, vendosin dhe mbajnë evidencë.

(7) Formën dhe përmbajtjen e evidencës nga paragrafi (6) i këtij neni e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore, kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e komunikacionit hekurudhor dhe e infrastrukturës hekurudhore. “.

Neni 2

Nenet 39 dhe 40 shlyhen.

Neni 3

Në nenin 41 paragrafin (1), fjalia hyrëse ndryshohet dhe bëhet:

“(1) Gjobë në shumë prej 50 euro deri 1.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarin mikro, prej 50 euro deri 2.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të vegjël, prej 250 euro deri 6.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të mesëm, prej 250 euro deri 10.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë me mëdhenj, do t’i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik, nëse: “

Paragrafi (2) ndryshohet dhe bëhet:

“Gjobë në lartësi prej 500 eurosh në kundërvlerë me denarë, do t’i shqiptohet për kundërvajtjen nga paragrafi (1) i këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik.“

Neni 4

Neni 42 ndryshohet dhe bëhet:

“(1) Procedura kundërvajtëse për kundërvajtjet nga neni 41 i këtij ligji mbahet para gjykatës kompetente.

(2) Për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj, inspektorët nga neni 37 paragrafi (1) i këtij ligji, para parashtrimit të kërkesës për ngritje të procedurës kundërvajtëse në gjykatën kompetente do të zbatojnë procedurë për barazim me lëshim të urdhërpagesës së kundërvajtjes në pajtim me Ligjin e Kundërvajtjeve.

(3) Formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës kundërvajtëse e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore, kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e komunikacionit hekurudhor dhe e infrastrukturës hekurudhore.

(4) Përcaktimi i lartësisë së gjobës të përcaktuar në përputhje me këtë ligj bëhet në pajtim me Ligjin e Kundërvajtjeve. “

Neni 5

Neni 42-a shlyhet.

Neni 6

Autorizohet Komisionit Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të përcaktojë tekst të zbardhur të Ligjit të Ndërveprimit në Sistemin Hekurudhor.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

**3871.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИЧАРИ И СКИ - ЛИФТОВИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за жичари и ски-лифтови,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 26 ноември 2020 година.

Бр. 08-4214/1
26 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИЧАРИ И СКИ-ЛИФТОВИ**

Член 1

Во Законот за жичари и ски-лифтови („Службен весник на Република Македонија“ број 54/2000, 103/2008, 23/11, 53/11, 163/13 и 146/15), во член 23, ставот 2 се брише.

Член 2

Членот 26 се менува и гласи:

„Инспектор за жичари и ски-лифтови може да биде лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за инспекциски надзор.“.

Член 3

Членот 27-а се брише.

Член 4

Членот 29 се менува и гласи:

„При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите од членот 23 од овој закон изрекуваат инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно со Законот за инспекциски надзор.

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот утврди недостатоци, а во случај кога ќе оцени дека тоа е оправдано, може со решение да изрече опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

Кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, инспекторот со решение изрекува инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

Против решението од овој член, донесено од инспекторите од членот 23 од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен.

Жалбата од ставот 4 на овој член не го одлага извршувањето на решението, ако тоа го бара итноста на мерките одредени во решението.

За изречените опомени од ставот 2 на овој член, инспекторите од членот 23 од овој закон, воспоставуваат и водат евиденција.

Формата и содржината на евиденцијата од ставот 6 на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.“

Член 5

Членовите 30, 31, 31-а и 31-б се бришат.

Член 6

Во член 33 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 евра до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 50 евра до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 250 евра до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци, од 250 евра до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Член 7

Во член 34 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 евра до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 50 евра до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 250 евра до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци, од 250 евра до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во висина од 250 до 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.“.

Член 8

Во член 35 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 евра до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 50 евра до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 250 евра до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци, од 250 евра до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во висина од 250 до 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.“.

Член 9

Во член 36 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:“.

Ставовите 3 и 4 се бришат.

Член 10

Членот 36-б се менува и гласи:

„Прекршочната постапка за прекршоците членовите 34, 35 и 36 од овој закон се водат пред надлежен суд.

За прекршоците предвидени со овој закон, инспекторите од членот 23 од овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

Одмерувањето на висината на глобата која е пропишана согласно со овој закон се врши согласно со Законот за прекршоците.”.

Член 11

Членот 36-в се брише.

Член 12

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за жичари и ски-лифтови.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË TELEFERIKUT DHE TË SKI-LIFTEVE**

Neni 1

Në Ligjin e Teleferikut dhe të Ski-lifteve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 54/00, 103/2008, 23/11, 53/11, 163/13 dhe 146/15) në nenin 23, paragrafi (2) shlyhet.

Neni 2

Neni 26 ndryshohet dhe bëhet:

"Inspektor për teleferikë dhe ski-lifte mund të jetë person i cili i plotëson kushtet e përcaktuara në Ligjin e Mbikëqyrjes Inspektuese."

Neni 3

Neni 27-a shlyhet.

Neni 4

Neni 29 ndryshohet dhe bëhet:

"Gjatë ushtrimit të mbikëqyrjes inspektuese, inspektorët nga neni 23 i këtij ligji, shqiptojnë masa inspektuese për mënjanimin e parregullsive dhe mangësive të konstatuara në pajtim me Ligjin e Mbikëqyrjes Inspektuese.

Nëse gjatë ushtrimit të mbikëqyrjes inspektuese, inspektori konstaton mangësi, ndërsa në rastet kur do të vlerësojë se një gjë e tillë është e arsyetuar, mundet që me aktvendim të shqiptojë vërejtje dhe të caktojë afat, brenda të cilit, subjekti i mbikëqyrjes inspektuese është i obliguar t'i mënjanojë parregullsitë dhe mangësitë, të konstatuara me procesverbal.

Kur inspektori do të vlerësojë se parregullsitë dhe mangësitë e konstatuara mund të paraqesin ose paraqesin rrezik të drejtpërdrejtë për jetën dhe shëndetin e njerëzve ose dëm financiar ose dëm për pronën me vlerë më të madhe ose rrezik për mjedisin jetësor ose rrezik të interesit publik, inspektori me aktvendim shqipton masë inspektuese, si huamarrje, urdhëresë, ndalesë dhe masë tjetër, nëse një masë e tillë është përcaktuar me ligj të veçantë, me të cilën, në mënyrën më të përshtatshme do të arrihet qëllimi i mbikëqyrjes inspektuese.

Kundër aktvendimit të këtij neni, të miratuar nga inspektorët nga paragrafi 23 i këtij ligji, mund të paraqitet ankesë në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit deri te organi kompetent për vendosje në shkallë të dytë.

Ankesa nga paragrafi (4) i këtij neni nuk e shtyn zbatimin e aktvendimit, nëse këtë e kërkon urgjenca e masave të përcaktuara në aktvendim.

Për vërejtjet e shqiptuara nga paragrafi (2) i këtij neni, inspektorët nga neni 23 i këtij ligji, vendosin dhe mbajnë evidencë.

Formën dhe përmbajtjen e evidencës nga paragrafi (6) i këtij neni e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore, kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e komunikacionit hekurudhor dhe e infrastrukturës hekurudhore."

Neni 5

Nenet 30, 31, 31-a dhe 31-b shlyhen.

Neni 6

Në nenin 33, në paragrafin (1), fjalia hyrëse ndryshohet dhe bëhet:

"Gjobë në shumë prej 50 euro deri në 1.000 euro në kundërvlerë të denarit për mikro tregtarë, prej 50 euro deri në 2.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të vegjël, prej 250 euro deri në 6.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të mesëm, prej 250 euro deri në 10.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të mëdhenj, do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:".

Neni 7

Në nenin 34, në paragrafin 1, fjalia hyrëse ndryshohet dhe bëhet:

"Gjobë në shumë prej 50 euro deri në 1.000 euro në kundërvlerë të denarit për mikro tregtarë, prej 50 euro deri në 2.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të vegjël, prej 250 euro deri në 6.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të mesëm, prej 250 euro deri në 10.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të mëdhenj, do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:"

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shume prej 250 deri në 500 euro në kundërvlerë të denarit, do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni personit përgjegjës të personit juridik.".

Neni 8

Në nenin 35, në paragrafin (1), fjalia hyrëse ndryshohet dhe bëhet:

"Gjobë në shumë prej 50 euro deri në 1.000 euro në kundërvlerë të denarit për mikro tregtarë, prej 50 euro deri në 2.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të vegjël, prej 250 euro deri në 6.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të mesëm, prej 250 euro deri në 10.000 euro në kundërvlerë të denarit për tregtarë të mëdhenj, do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:"

Paragrafi (2) ndryshohet dhe bëhet:

"Gjobë në shumë prej 250 deri në 500 euro në kundërvlerë të denarit, do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni personit përgjegjës të personit juridik.".

Neni 9

Në nenin 36, në paragrafin (1), fjalia hyrëse ndryshohet dhe bëhet:

"Gjobë në shumë prej 100 deri në 200 euro në kundërvlerë të denarit, do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit fizik, nëse:"

Paragrafët (3) dhe (4) shlyhen.

Neni 10

Nenin 36-b ndryshohet dhe bëhet:

"Procedura e kundërvajtjes për kundërvajtjet nga nenet 34, 35 dhe 36 të këtij ligji mbahen para gjykatës kompetente.

Për kundërvajtjet e parapara në këtë ligji, inspektorët nga neni 23 i këtij ligji, para parashtrimit të kërkesës për ngritje të procedurës kundërvajtëse para gjykatës kompetente do të zbatojnë procedurë për barazim me lëshim të urdhërpagesës së kundërvajtjes në pajtim me Ligjin e Kundërvajtjeve.

Formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës së kundërvajtjes e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore, kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e komunikacionit hekurudhor dhe e infrastrukturës hekurudhore.

Përcaktimi i lartësisë së gjobës të përcaktuar në përputhje me këtë ligj bëhet në pajtim me Ligjin e Kundërvajtjeve.

Neni 11

Neni 36-c shlyhet.

Neni 12

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të përcaktojë tekst të zbardhur të Ligjit të Teleferikut dhe të Ski-lifteve.

Neni 13

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**3872.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 5 став 5 и член 6 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2003, 114/2009, 181/16, 189/16 и 35/18), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 ноември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПИШУВАЊЕ ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

I. Собранието на Република Северна Македонија распишува оглас за избор на Народен правобранител.

II. За Народен правобранител може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос, државјанин на Република Северна Македонија, дипломиран правник кој има работно искуство над девет години на правни работи и чија активност е докажана во областа на заштитата на правата на граѓанинот и ужива углед за вршење на функцијата народен правобранител.

III. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и документите со кои кандидатите ќе го докажат исполнувањето на условите од точката II. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, треба да ги поднесат до Собранието на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

IV. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Koha“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 - 4207/1
26 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

---

Në bazë të nenit 68 paragrafi 2 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe nenit 5 paragrafit 5 dhe nenit 6 të Ligjit të Avokatit të Popullit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 dhe 35/18), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 26 nëntor 2020, mori

**VENDIM**
**PËR SHPALLJEN E KONKURSIT PËR ZGJEDHJE TË AVOKATIT TË POPULLIT**

I. Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut shpall konkurs për zgjedhjen e Avokatit të Popullit.

II Avokat i Popullit mund të zgjidhet një person i cili i plotëson kushtet e përgjithshme të përcaktuara me Ligjin e Themelimit të Marrëdhënies së Punës, shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut, jurist i diplomuar i cili ka përvojë pune mbi nëntë vjet në çështje juridike dhe aktiviteti i të cilit është dëshmuar në sferën e mbrojtjes së të drejtave të qytetarit dhe gëzon perspektivë për ushtrimin e funksionit Avokat i Popullit.

III. Fletëparaqitja për pjesëmarrje në këtë konkurs, jetëshkrimi dhe dokumentet me të cilat kandidatët do të dëshmojnë plotësimin e kushteve sipas pikës II të këtij vendimi, në origjinal ose kopje të verifikuar, duhet t'i paraqesin te Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut në afat prej 15 ditëve nga dita e botimit të këtij vendimi në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

IV. Ky vendim do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në gazetat ditore "Nova Makedonija", "Slloboden Peçat" dhe "Koha".

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| | |
|---|---|
| Nr. 08 – 4207/1<br>26 nëntor 2020<br>Shkup | Kryetari i Kuvendit<br>të Republikës së<br>Maqedonisë së Veriut<br>Mr. **Talat Xhaferi,** d.v. |

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3873.**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, согласно чл.9 ст.1 алинеја 3 чл.10 ст.1, чл.43 и чл.47 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник РСМ" бр.150/07, 42/20), на одржаната десетта седница на ден 25.11.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

I

На Лилјана Спасоска – јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, и се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител, поради исполнување на условите за старосна пензија со наполнување на 66(шеесет и шест) години возраст.

II

Функцијата јавен обвинител и работниот однос и престануваат заклучно со 30.11.2020 година.

III

Оваа одлука влегува во сила на ден 25.11.2020 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| СОР Бр.15/20<br>25 ноември 2020 година<br>Скопје | Совет на јавните обвинители<br>на Република Северна Македонија<br>Претседател,<br>**Ацо Колевски,** с.р. |

**3874.**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, согласно чл.9 ст.1 алинеја 3, чл.10 ст.1, чл.43 и чл.47 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник РСМ" бр.150/07, 42/20), на одржаната десетта седница на ден 25.11.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

I

На Методи Иванов – јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Штип, му се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител, поради исполнување на условите за старосна пензија со наполнување на 66(шеесет и шест) години возраст.

II

Функцијата јавен обвинител и работниот однос му престануваат заклучно со 31.12.2020 година.

III

Оваа одлука влегува во сила на ден 25.11.2020 година, а ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| СОР Бр. 16/20<br>25 ноември 2020 година<br>Скопје | Совет на јавните обвинители<br>на Република Северна Македонија<br>Претседател,<br>**Ацо Колевски,** с.р. |

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3875.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/20 и 133/20) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот Р за премија, транспортните трошоци Т до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.253/20) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 60,50 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | 62,50 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 53,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 53,00 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 28,501 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 19,392 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | 21,042 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 20,017 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 20,081 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 20,763 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 5,467 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 5,512 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 5,697 денари/литар, за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 5,623 денари/литар, додека за Мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 2,500 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за Мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став 2 алинеја 2 од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што согласно член 24 став (3) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците при увоз и/или производство на нафтени деривати:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 24,692 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 24,692 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 18,121 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 18,121 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 1.12.2020 година и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-2388/1
30 ноември 2020 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

___

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 16 dhe nenit 149 të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 8 të Rregullores së Formulimit të Çmimeve më të Larta të Shitjes me Pakicë të Derivateve të Ndryshme të Naftës dhe të Lëndëve Djegëse të Transportit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 108/20 dhe 133/20) dhe të Vendimit të Përcaktimit të Dendësisë së Përshkallëzuar $\rho_e$ dhe Dendësisë së Pashkallëzuar $\rho_d$ të secilit derivat të naftës dhe të lëndës djegëse të transportit, shumës së kompensimit P për premi, shpenzimet e transportit T, deri te depozita në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe shumën e kompensimit D të shpenzimeve të punës, përmes depozitës dhe marzhës tregtare me shpenzime të përfshira të transportit nga depozita, deri te stacionet e benzinës dhe te konsumatorët e fundit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 253/20), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 30.11.2020, miratoi

**V E N D I M**
**TË PËRCAKTIMIT TË ÇMIMEVE MË TË LARTA TË SHITJES ME PAKICË TË DERIVATEVE TË NAFTËS DHE TË LËNDËVE DJEGËSE TË TRANSPORTIT**

Neni 1

(1) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit janë:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 60,50 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 62,50 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 53,00 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 53,00 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 28,501 (denarë/kilogram) |

(2) Tregtarët me shumicë dhe ata me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, mund të formulojnë çmime edhe më të ulëta të derivateve të ndryshme të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, se çmimet më të larta të përcaktuara sipas paragrafit (1) të këtij neni.

(3) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuluara sipas paragrafit (1) të këtij neni, përveç çmimit të mazutit M-1 SU, vlejnë për franko stacionet e pompimit, ndërkaq çmimi i Mazutit M-1 SU vlen për deponime franko të tregtarit me shumicë të derivate të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit brenda vendit.

(4) Te çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuluara sipas këtij neni, përfshihet edhe tatimi i vlerës së shtuar sipas Ligjit të Tatimit të Vlerës së Shtuar.

Neni 2

(1) Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, janë përfshirë edhe çmimet më të larta të blerjes, të cilat arrijnë vlerën prej:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 19,392 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 21,042 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 20,017 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 20,081 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 20,763 (denarë/kilogram) |

Neni 3

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është përfshirë edhe kompensimi i shpenzimeve të punës, nëpërmjet depos dhe marzhës tregtare, që për Eurosuperin BS-95 është 5,467 denarë/litër, për Eurosuperin BS-98 është 5,512 denarë/litër, për Eurodizelin BS (D-E V) është 5,697 denarë/litër, për Ekstra të Lehtin 1 (EL-1) është 5,623 denarë/litër, ndërkaq për Mazutin M-1 SU kompensimi është 2,500 denarë/kilogram.

Neni 4

Çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, me përjashtim të Mazutit M-1 SU, përfshijnë edhe kompensimin e shpenzimeve të transportit, nga depoja te pompat e benzinës, në vlerë prej 0,75 denarë/litër për të gjitha derivatet e naftës.

Neni 5

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të vërtetuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është i përfshirë edhe kompensimi i financimit të aktiviteteve të fushës së mjedisit jetësor, që sipas nenit 184, paragrafi (2), nënpika 2) të Ligjit të Mjedisit Jetësor, e paguajnë tatimpaguesit e përcaktuar me këtë ligj:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 0,080 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 0,080 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 0,030 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 0,040 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,050 (denarë/kilogram) |

Neni 6

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është përfshirë edhe kompensimi i rezervave të detyrueshme të naftës dhe të derivateve të naftës, të cilin në pajtueshmëri me nenin 24, paragrafi (3) të Ligjit të Rezervave të Detyrueshme të Naftës dhe të Derivateve të Naftës, e paguajnë tatimpaguesit gjatë importit dhe/ose prodhimit të derivateve të naftës:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 0,890 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 0,890 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 0,300 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 0,300 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,740 (denarë/kilogram) |

Neni 7

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, akcizat që i paguajnë tatimpaguesit në pajtueshmëri me rregullat e akcizave, kanë këtë vlerë:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 24,692 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 24,692 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 18,121 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 18,121 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,100 (denarë/kilogram) |

Neni 8

Ky vendim hyn në fuqi ditën e miratimit të tij, ndërkaq do të fillojë të zbatohet nga ora 00:01 e datës 1.12.2020 dhe do të botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” edhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Nr. 02-2388/1
30.11.2020
Shkup

Kryetari
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

**3876.**

Врз основа на член 101 став 5 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Република Северна Македонија“ бр. 181/20), Прилозите бр. 1, 2 и 3 се заменуваат со нови Прилози бр. 1, 2 и 3, кои се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08/3-116/9
25 ноември 2020 година
Скопје

Директор,
**Стојан Славески,** с.р.

Прилог бр.1

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА**
**КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**
Број ______________________
Датум________. 20_____ година
Скопје

Врз основ на член 101 став 1 од Законот за класифицирани информации(*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), инспекторот за безбедност на класифицирани информации издава

### ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
(за правно лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Назив | Даночен број |
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум, место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта / патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој го издал |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК | | |
|---|---|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | | | |
| Опис на прекршокот | | | |
| Правна квалификација (член од законот со кој е предвиден прекршокот) | | Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност) | |
| Записник за сторен прекршок | | | |

| Г | НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ |
|---|---|
| на ПП 50 образец на сметка _____________, уплатна сметка 840 *** (општина каде се уплатува)_______, приходна шифра и програма ________, со цел на дознака уплата на глоба по прекршочен платен налог број ___________. | |

**ПРАВНА ПОУКА**

*Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд.

Потпис на сторителот
_______________________
(ако одбие да потпише – да се констатира)

М.П.

Инспектор
_______________________
(име и презиме и потпис)

Прилог бр.2

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**
Број ____________________
Датум_______. 20____ година
Скопје

Врз основ на член 101 став 1 од Законот за класифицирани информации(*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), инспекторот за безбедност на класифицирани информации издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

(за одговорното лице во правното лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум, место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта / патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој го издал |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Назив | Даночен број |
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК | | |
|---|---|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | | | |
| Опис на прекршокот | | | |
| Правна квалификација (член од законот со кој е предвиден прекршокот) | | Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност) | |
| Записник за сторен прекршок | | | |

| Г | НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ |
|---|---|
| на ПП 50 образец на сметка ___________, уплатна сметка 840 *** (општина каде се уплатува)______, приходна шифра и програма ______, со цел на дознака уплата на глоба по прекршочен платен налог број _________. | |

**ПРАВНА ПОУКА**

*Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд.

Потпис на сторителот
_____________________
(ако одбие да потпише – да се констатира)

М.П.

Инспектор
_____________________
(име и презиме и потпис)

Прилог бр.3

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА**
**КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

Број ______________________

Датум_______. 20____ година

Скопје

Врз основ на член 101 став 1 од Законот за класифицирани информации(*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), инспекторот за безбедност на класифицирани информации издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

(за физичко лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛОТ НА ПРЕКРШОКОТ | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум, место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта / патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој го издал |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК | | |
|---|---|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | | | |
| Опис на прекршокот | | | |
| Правна квалификација (член од законот со кој е предвиден прекршокот) | | Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност) | |
| Записник за сторен прекршок | | | |

| В | НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ |
|---|---|
| на ПП 50 образец на сметка ___________, уплатна сметка 840 *** (општина каде се уплатува)______, приходна шифра и програма _______, со цел на дознака уплата на глоба по прекршочен платен налог број __________. | |

**ПРАВНА ПОУКА**

*Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд.

Потпис на сторителот

_____________________

(ако одбие да потпише – да се констатира)

М.П.

Инспектор

_____________________

(име и презиме и потпис)

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk
Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.

ISSN 0354-1622
2020285